Врз основа на член 54 став (1) точка 1.21 од Законот за енергетика* ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/25 и 135/25) и член 24 став (1) точка 1. од Правилникот за лиценци („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.40/26 и 138/26), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 13 јули 2026 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА**
**ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ**
**ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА**

1. Во Одлуката за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 245/25), од фотонапонска електроцентрала ФЕЦ "МЕТАЛОПРОМЕТ", во точката 1 зборовите "Друштвото за производство и трговија МЕТАЛОПРОМЕТ ДООЕЛ увоз-извоз Струмица" се заменуваат со зборовите "Друштвото за производство и трговија МЕТАЛОПРОМЕТ ДООЕЛ увоз-извоз с. Куклиш, Струмица".
   Во Прилогот, точката 1 се менува и гласи:
   "Друштво за производство и трговија МЕТАЛОПРОМЕТ ДООЕЛ увоз-извоз с. Куклиш, Струмица, со седиште во населено место без уличен систем бр. 715 Куклиш, Струмица, Република Северна Македонија".

2. Изменувањето од точка 1 на оваа одлука се врши согласно известување за настанати промени во називот и седиштето на Друштвото.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија" и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

**О б р а з л о ж е н и е**

Друштвото за производство и трговија МЕТАЛОПРОМЕТ ДООЕЛ увоз-извоз с. Куклиш, Струмица, со седиште во населено место без уличен систем бр. 715 Куклиш, Струмица (во понатамошниот текст: Друштво) на 2 јули 2026 година до Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) поднесе Известување за настанати промени кај носител на лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија, УП1 бр.12-287/26 од 2 јули 2026 година (во натамошниот текст: Барање).

Регулаторната комисија за енергетика, согласно член 24 став (1) точка 4 од Правилникот за лиценци по службена должност врши промени на лиценцата, бидејќи Друштвото изврши промена на називот и седиштето.

Називот на Друштвото се менува од “Друштвото за производство и трговија МЕТАЛОПРОМЕТ ДООЕЛ увоз-извоз Струмица” во “Друштвото за производство и трговија МЕТАЛОПРОМЕТ ДООЕЛ увоз-извоз с. Куклиш, Струмица”.

Седиштето на Друштвото се менува од “ул. “Маршал Тито” бр. 195 Струмица” во “населено место без уличен систем бр. 715 Куклиш, Струмица”.

Регулаторната комисија за енергетика согласно член 5 став (4) од Деловникот за работа со Решение бр. 02-1115/2 од 13 јули 2026 година, одлучи да се одржи седница за донесување на оваа одлука без одржување на подготвителна седница.

Регулаторната комисија за енергетика на 13 јули 2026 година одржа седница на којашто врз основа на член 54 став (1) точка 1.21 од Законот за енергетика* и член 24 став (1) точка 4. од Правилникот за лиценци, донесе Одлука за изменување на лиценцата за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија на Друштвото за производство и трговија МЕТАЛОПРОМЕТ ДООЕЛ увоз-извоз с. Куклиш, Струмица.

Имајќи го предвид горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука може да се поведе управен спор, во рок од 30 дена од денот на приемот.

**УП1 бр. 12-287/26**
**13 јули 2026 година**
**Скопје**

**Претседател**
**на Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија**

**Ацо Ристов**